Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

Финансиски извештаи
за годината завршена на
31 декември 2008

Содржина

Извештај на ревизорите

Финансиски извештаи

Биланс на состојба 1

Биланс на успех 2

Извештај за промените во капиталот 3

Извештај за паричниот тек 4

Белешки кон финансиските извештаи 5

КПМГ Македонија ДОО Скопје
Соравиа Центар Скопје 7ми кат
Ул. „Војвода Васил Аџиларски" бб
Скопје 1000
Република Македонија

Телефон +389 (2) 3135 220
Факс +389 (2) 3111 811
Е-пошта kpmg@kpmg.com.mk
Портал www.kpmg.com.mk

Извештај на ревизорот до акционерите на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје ("Банката") кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2008 година и извештаите за билансот на успех, промените во капиталот и паричниот тек за годината тогаш завршена, како и осврт на значајните сметководствени политики и останатите белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Банката е одговорно за изготвување и реално прикажување на овие финансиски извештаи во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на систем на интерни контроли соодветни за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи кои не содржат материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; и правење на сметководствени проценки кои се разумни на соодветните околности.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во финансиските извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Банката за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли воспоставени во Банката. Ревизијата исто така вклучува осврт на користените сметководствени

КПМГ Македонија ДОО Скопје е македонско друштво со ограничена одговорност и компанија–членка на КПМГ мрежата од независни компании поврзани преку KPMG International, швајцарска групација.

Регистрирано во Трговскиот Регистар на Република Македонија со ЕМБС: 5078598

Дан. бр. МК4030996107850

принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

Мнение

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Банката на 31 декември 2008 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината тогаш завршена, во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

Скопје, 30 април 2009 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР НА РМ
Гордана Никушевска

КПМГ Македонија ДОО
ДИРЕКТОР
Ѓорѓи Чучук

Биланс на состојба

На 31 декември

Во илјади денари	*Белешка*	2008	2007
Актива			
Парични средства и паричен еквивалент	*12*	210.350	456.444
Пласмани во други банки	*13*	310.884	462.642
Кредити на други банки	*14*	2.171.917	2.031.177
Вложувања	*16*	166.608	-
Недвижности и опрема	*17*	115.475	119.189
Нематеријални средства	*18*	1.833	2.207
Останата актива	*19*	12.901	9.119
Вкупна актива		2.989.968	3.080.778
Обврски			
Обврски по кредити	*20*	1.314.717	1.503.575
Посебна резерва за вонбилансни ставки	*21*	2.519	4.115
Обврски за данок од добивка		2.556	4.207
Останати обврски	*23*	5.206	4.812
Вкупно обврски		1.324.998	1.516.709
Капитал	*24*		
Акционерски капитал		932.400	932.400
Задржана добивка		100.901	80.979
Останати резерви		631.669	550.690
Вкупно капитал и резерви		1.664.970	1.564.069
Вкупно обврски и капитал и резерви		2.989.968	3.080.778

Белешките на страните 5 - 45 се составен дел на овие финансиски извештаи

Финансиските извештаи прикажани на страниците од 1 до 45 беа одобрени од Надзорниот Одбор на 30 април 2009 година и беа потпишани во нивно име од:

Г-дин Кенан Идризи
Главен Оперативен Директор

Г-дин Драган Мартиновски
Главен Извршен Директор

Биланс на успех

За годината завршена на 31 декември

Во илјади денари	***Белешка***	**2008**	**2007**
Приходи од камата	*6*	167.281	166.188
Расходи од камата	*6*	(37.895)	(48.726)
Нето приходи од камата		129.386	117.462
Приходи од провизии и надомести	*7*	11.758	18.332
Расходи од провизии и надомести	*7*	(2.951)	(4.834)
Нето приходи од провизии и надомести		8.807	13.498
Нето приходи од курсни разлики		5.067	528
Останати приходи од дејноста	*8*	4.570	1.776
		9.637	2.304
Приходи од дејноста		147.830	133.264
Нето загуба поради оштетување	*14,15*	5.308	1.063
Трошоци за вработените	*9*	(22.834)	(22.430)
Амортизација	*17,18*	(6.340)	(6.937)
Останати расходи од дејноста	*10*	(11.704)	(12.777)
Добивка пред оданочување		112.260	92.183
Данок од добивка	*11*	(11.359)	(11.204)
Добивка за годината		100.901	80.979

Белешките на страните 5 - 45 се составен дел на овие финансиски извештаи

Извештај за промените во капиталот

За годината завршена на 31 декември

Во илјади денари	**Акционер-ски капитал**	**Средства на резерви**	**Резерви на сигурност**	**Гарантен фонд**	**Задржана добивка**	**Вкупно**
Состојба на 1 јануари 2007	932.400	102.857	168.121	231.000	48.712	1.483.090
Добивка за годината	-	-	-	-	80.979	80.979
Вкупно признаени приходи и расходи	-	-	-	-	80.979	80.979
Распределба во средства на резерви	-	37.693	-	-	(37.693)	-
Распределба во резерви на сигурност	-	-	5.000	-	(5.000)	-
Распределба во гарантен фонд	-	-	-	6.019	(6.019)	-
Состојба на 31 декември 2007	932.400	140.550	173.121	237.019	80.979	1.564.069
Состојба на 1 јануари 2008	932.400	140.550	173.121	237.019	80.979	1.564.069
Добивка за годината	-	-	-	-	100.901	100.901
Вкупно признаени приходи и расходи	-	-	-	-	100.901	100.901
Распределба во средства на резерви	-	68.485	-	-	(68.485)	-
Распределба во резерви на сигурност	-	-	5.000	-	(5.000)	-
Распределба во гарантен фонд	-	-	-	7.494	(7.494)	-
Состојба на 31 декември 2008	932.400	209.035	178.121	244.513	100.901	1.664.970

Белешките на страните 5 - 45 се составен дел на овие финансиски извештаи

Извештај за паричниот тек

За годината завршена на 31 декември

Во илјади денари	*Белешка*	2008	2007
Паричен тек од основната дејност			
Добивка за годината		100.901	80.979
Корегирана за:			
Амортизација	*17,18*	6.340	6.937
Нето загуби / (ослободувања) поради оштетување	*14,15*	(5.308)	(1.063)
Посебна резерва за вонбилансни ставки		(1.596)	352
Нето приходи од камати	*6*	(129.386)	(117.462)
Данок од добивка		11.359	11.204
		(17.690)	(19.053)
Промена на пласмани во други банки		151.638	(25.675)
Промена во кредити на други банки		(129.686)	(266.955)
Промена во останатата актива		(3.782)	1,898
Промена во останати обврски		394	(1.449)
		874	(311.234)
Наплатени камати		161.655	169.242
Платени камати		(51.272)	(48.625)
Платен данок од добивка		(13.010)	(7.730)
Нето паричен тек од основната дејност		98.247	(198.347)
Паричен тек од инвестициона дејност			
Набавка на недвижности и опрема	*17*	(1.847)	(392)
Набавка на нематеријални средства	*18*	(405)	(1.359)
Приливи од вложувања		-	158.277
Набавени вложувања		(166.608)	-
Нето паричен тек од инвестиционата дејност		(168.860)	156.526
Паричен тек од финансирање			
Вратени обврски по кредити		(237.841)	(206.755)
Приливи од кредити		62.360	411.760
Нето паричен тек од финансирање		(175.481)	205.005
Нето (намалување) / зголемување на парични средства и паричен еквивалент		(246.094)	163.184
Парични средства и паричен еквивалент на 1 јануари		456.444	293.260
Парични средства и паричен еквивалент на 31 декември	*12*	210.350	456.444

Белешките на страните 5 - 45 се составен дел на овие финансиски извештаи.

Белешки кон финансиските извештаи

1. Општи информации

Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје ("Банката") е акционерско друштво во државна сопственост и е инкорпорирана на територијата на Република Македонија.

Адресата на регистрираното седиште на Банката е:

ул: "Вељко Влаховиќ" бр.26
1000 Скопје
Република Македонија

Основни активности на Банката се кредитирање на отпочнување со работа и развој на мали и средни претпријатија преку обезбедување среднорочни и долгорочни кредити, финансирање на извозот преку кредити одобрени за идентификувани приливи од извоз, издавање на финансиски гаранции за кредити одобрени за идентификувани приливи од извоз.

Исто така, согласно измените на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, во 2006 година Банката формираше Гарантен фонд за издавање гаранции за обезбедување на плаќања по долгорочни кредити за инвестиции одобрени од страна на банки и други финансиски институции во Република Македонија на микро, мали и средни трговци, трговци-поединци и занаетчии, регистрирани во Република Македонија.

Кредитирањето на претпријатијата се врши преку банки посредници кои го преземаат крајниот ризик од наплата на побарувањата.

2. Основа за изготвување на финансиските извештаи

(а) Извештај за усогласеност

Финансиските извештаи се изготвени во согласност со Законот за Трговски Друштва и Правилникот за водење сметководство (Службен весник на РМ бр.94/2004, бр.11/2005 и бр.116/2005) освен во делот на признавање на одложено даночно средство согласно изискувањата на Меѓународниот сметководствен стандард МСС 12 Даноци на добивка (види белешка 3 (ж)).

(б) Основи за мерење

Финансиските извештаи се изготвени според историска вредност освен за:

- финансиските инструменти за тргување кои што се мерат по објективна вредност;

Белешки кон финансиските извештаи

2. Основа за изготвување на финансиските извештаи (продолжение)

(б) Основи за мерење (продолжение)

- средствата расположливи-за-продажба кои што се мерат по објективна вредност.

(в) Функционална и известувачка валута

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари ("МКД" или "денари"), кои се функционална валута на Банката. Освен каде што е наведено, финансиските информации се прикажани во илјади македонски денари.

3. Значајни сметководствени политики

Сметководствените политики прикажани во продолжение се применувани конзистентно за сите периоди прикажани во овие финансиски извештаи.

(а) Трансакции во странска валута

Трансакциите во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на трансакциите. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојба. Печалбите и загубите од курсните разлики од монетарните средства се разлика помеѓу амортизираната набавна вредност во денари на почеток на периодот, корегирани за ефективната камата и плаќањата во текот на периодот, и амортизираната набавна вредност во странска валута вреднувана според курсот важечки на крајот на периодот. Немонетарните средства и обврски кои се евидентираат по објективна вредност, искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според курсот важечки на денот на определување на објективната вредност. Курсните разлики произлезени од превреднување се признаваат во билансот на успех.

Девизните средства со кои што работи Банката се претежно евра (ЕУР). Официјалните курсеви важечки на 31 декември 2008 и 2007 година беа како што следи:

	2008 МКД	2007 МКД
1 ЕУР	61.41	61.20

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(б) Камата

Приходот од камата и расходот од камата се признава во билансот на успех според методот на ефективна каматна стапка. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања и приливи во текот на очекуваниот век на финансиското средство или обврска (или каде што е соодветно, пократок период) на сегашната вредност на финансиското средство или обврска. Ефективната каматна стапка се утврдува при иницијалното признавање на средството или обврската и не се менува последователно. Пресметката на ефективната каматна стапка ги вклучува сите надоместоци платени или примени, трансакциски трошоци, дисконти или премии кои се составен дел на ефективната каматна стапка. Трансакциски трошоци се инкрементални трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето, издавањето или отуѓувањето на финансиското средство или обврска.

Приходите и расходите од камати прикажани во билансот на успех вклучуваат:

- камати од финансиски средства и обврски по амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка;
- камата од вложувања расположливи-за-продажба со користење на методот на ефективна каматна стапка.

(в) Провизии и надомести

Приходите и расходите од надомести и провизии кои се составен дел од ефективната каматна стапка на финансиските средства и обврски се вклучени во пресметката на ефективната каматна стапка.

Останатите приходи од надомести и провизии настануваат по основ на финансиски услуги кои ги извршува Банката во поглед на издавање на финансиски гаранции за гарантирање на наплата при извоз на краток рок.

За обезбедување на ризикот од ненаплатливост на издадените финансиски гаранции Банката зема финансиски гаранции од странски реосигурители во износ од 70% до 90% од износот на издадените гаранции. Приходите од провизии и надомести се признаваат кога соодветната услуга ќе се изврши.

Расходите од провизии и надомести настануваат по основ на финансиски услуги што ги добива Банката и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(г) Приходи од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат кога ќе биде утврдено правото да се прими плаќањето. Дивидендите се прикажани како дел од нето приходите од тргување или приходи од дивиденди во зависност од соодветната класификација на инструментот.

(д) Грант од државата

Приходите од грантови од државата иницијално се признаваат како одложени приходи кога постои разумна сигурност дека тие ќе бидат применети и дека Банката ќе ги исполни условите поврзани со давањето на грантот. Грантовите од државата кои претставуваат надомест на трошоци кои ги реализирала Банката се признаваат во билансот на успех на периодична основа во периодот во кој трошоците се признаени.

(ѓ) Даноци

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех, освен кога се однесува за ставки коишто се однесени директно во капиталот и соодветниот данок од добивка се признава во капиталот.

Тековниот данок од добивка е очекувана даночна обврска од добивката пред оданочување за годината, применувајќи ја важечката даночна стапка или значајно усвоената на денот на билансот на состојба, и корекции на даночната обврска која се однесува на претходни години.

Одложениот данок се признава со користење на методата на билансот на состојба, и произлегува од времените разлики помеѓу сметководствената вредноста на средствата и обврските за потребите на финансиското известување и вредноста на истите за даночни цели. Одложеност данок не се признава за следните времени разлики: иницијално признавање на гудвил, иницијално признавање на средства или обврски во трансакции кои не се деловни комбинации и не влијаат врз добивката за сметководствени и даночни цели и разлики кои произлегуваат од вложувања во подружници и претпријатија под заедничка контрола до обемот до кој нема да се реализираат во блиска иднина. Одложениот данок се мери со примена на даночните стапки кои се очекува да се применат кога ќе се реализираат времените разлики врз основа на законите кои се усвоени или значајно усвоени на денот на известувањето.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(ѓ) Даноци (продолжение)

Одложени даночни средства не се признаат, бидејќи согласно постојните законски пропишани форми на годишна сметка и контен план не постои можност за прикажување на одложените даночни средства во книгите на Банката.

(е) Финансиски средства и обврски

(i) Признавање

Банката почетно ги признава кредитите и авансите, пласманите во други банки и обврските по кредити на денот кога тие се настанати. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на поramнување на кој што Банката станува странка на договорните одредби на инструментот.

(ii) Депризнавање

Банката ги депризнава финансиските средства кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг. Секој остаток од пренесените финансиски средства кои се креирани или задржани од Банката се признаваат како посебно средство или обврска.

Банката ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

(iii) Нетирање

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во билансот на состојбата само кога Банката има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да ги поramни трансакциите на нето основа или да ги реализира плаќањата истовремено.

Приходите и расходите се презентираат на нетна основа само доколку тоа е дозволено со сметководствените стандардите, или за добивки и загуби кои што произлегуваат од групи на слични трансакции.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(е) Финансиски средства и обврски (продолжение)

(iv) Принцип на мерење според амортизирана вредност

Амортизираната набавна вредност на финансиско средство или финансиска обврска е износот според кој што финансиското средство или обврска се мерат при почетното признавање, намален за отплатите на главницата, плус или минус акумулираната амортизација со употреба на методот на ефективна каматна стапка на било која разлика помеѓу почетно признаениот износ и износот при доспевањето, намален за евентуалните загуби поради оштетување.

(v) Принцип на мерење според објективна вредност

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски се базира на нивната котирана пазарна цена на активен пазар. За останатите финансиски инструменти објективната вредност се утврдува со користење на техники за вреднување.

Техниките за вреднување вклучуваат техника на нето сегашна вредност, метод на дисконтирани парични текови, споредба со слични инструменти за кои постојат пазарни цени и модели на вреднување.

(vi) Загуби поради оштетување

На секој датум на билансот на состојба Банката проценува дали постојат објективни докази за оштетеност на финансиските средствата кои не се мерат според објективна вредност. Финансиските средства се оштетени кога објективни докази покажуваат дека оштетувањето настанало по почетното признавање на средството, и истото има влијание на идните парични текови кои можат веродостојно да се проценат.

Банката издвојува загуби поради оштетување согласно *Одлуката на НБРМ за утврдување на методологијата за класификација на активните биланси и вонбиланси позиции на банката според степенот на нивната ризичност* (Службен весник бр. 50/01-3516, 21/02-20, 21/02-21, 80/06-3). Согласно оваа одлука, Банката ги класификува сите поединечни активни биланси и вонбиланси позиции во групи според степенот на нивната ризичност и врши проценка на износот на загуби поради оштетување.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(е) Финансиски средства и обврски (продолжение)

(vi) Загуби поради оштетување (продолжение)

Објективен доказ дека финансиските средства (вклучувајќи ги и сопственичките хартии од вредност) се оштетени може да вклучува доцнење или неисполнување на обврските на должникот, реструктуирање на кредитот од страна на Банката според услови кои Банката инаку не ги одобрува, индикации дека должникот или издавачот на хартиите од вредност банкротирале, исчезнување на активен пазар за хартиите од вредност, или други воочливи информации за група на средства како што се негативни промени во платежниот статус на должникот или издавачот на хартиите од вредност во групата, или економски услови кои соодветствуваат со неисполнување на обврските во групата.

Загубите поради оштетување се признаваат во билансот на успех и се рефлектирани во сметката за посебна резерва за кредити и аванси. Каматата на оштетените средства продолжува да се признава преку амортизација на дисконтот.

Доколку во наредниот период износот на загубата поради оштетување се намали, загубата се анулира низ билансот на успехот.

Загубата поради оштетување на вложувањата расположливи-за-продажба се признава со пренесување на разликата помеѓу амортизираната набавна вредност и тековната објективна вредност од капиталот во билансот на успех. Доколку во последователен период, загубата поради оштетување на расположливите-за-продажба должнички инструмети се намали, загубата се анулира низ билансот на успех.

Секое последователно зголемување на објективната вредност на оштетени расположливи-за-продажба сопственички хартии од вредност се признава директно во капиталот.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(ж) Парични средства и паричен еквивалент (продолжение)

Паричните средства и паричниот еквивалент го сочинуваат паричните средства во благајна, депозитите по видување кај банките, депозитите во Народна Банка на Република Македонија ("НБРМ"), како и високоликвидните хартии од вредност со оригинален рок на достасаност од три или помала од три месеци, кои се предмет на незначителен ризик од промена во нивната објективна вредност, и кои се користат од Банката во управување со краткорочни обврски, вклучувајќи ги благајничките записи со кои може да се тргува на секундарен пазар.

Паричните средства и паричниот еквивалент се евидентираат по амортизирана набавна вредност во билансот на состојба.

(з) Кредити и аванси одобрени од Банката

Кредитите и авансите одобрени од Банката се оние кредити и аванси со кои се обезбедуваат парични средства на клиентот и се разликуваат од оние кои се креираат со намера за остварување на профит на краток рок.

Кредитите и авансите одобрени од Банката почетно се признаваат по објективна вредност вклучувајќи ги и директните трансакциски трошоци, а последователно се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

(ѕ) Вложувања

Вложувањата почетно се искажуваат по нивната набавна вредност, којашто е објективна вредност на дадениот надоместок за истите, зголемена за директните трансакциски трошоци и последователно се мерат во зависност од нивната класификација.

(i) Вложувања чувани-до-достасаност

Средствата чувани-до-достасаност се финансиски средства со фиксни или одредени периоди на отплата и со фиксен период на достасаност кои Банката има намера и можност да ги чува до периодот на достасување.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(s) Вложувања (продолжение)

(i) Вложувања чувани-до-достасаност (продолжение)

Средствата чувани-до-достасаност се проценуваат по амортизирана набавна вредност, со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Продажба или рекласификација на значителен износ на средствата чувани-до-достасаност далеку од нивниот период на достасување ќе предизвика рекласификација на сите средства чувани-до-достасаност како расположливи-за-продажба, а Банката нема да може да класификува вложувања како чувани-до-достасаност во тековната и следните две години.

(ii) Вложувања расположливи-за-продажба

Вложувањата расположливи-за-продажба се финансиски средства кои не се чуваат заради тргување, кои не се одобрени од Банката, ниту се чуваат до периодот на достасување. Инструментите расположливи-за-продажба ги вклучуваат вложувањата во сопственички инструменти.

Вложувањата расположливи-за-продажба се прикажуваат според нивната објективна вредност, со исклучок за финансиските средства коишто немаат котирана пазарна цена и чијашто објективна вредност не може веродостојно да се измери, коишто се мерат по набавна вредност намалена за загубите поради оштетување.

Приходот од камата се признава во билансот на успех со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Приходот од дивиденда се признава кога на Банката ќе и биде утврдено правото да се прими плаќањето. Печалбите или загубите од курсни разлики на должничките инструменти расположливи-за-продажба се признаваат во билансот на успех.

Промените во објективната вредност на вложувањата расположливи-за-продажба се евидентираат во капиталот се додека вложувањата не се продадени или оштетени кога износот признаен во капиталот се носи во билансот на успех.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(и) Недвижности и опрема

(i) Признавање и мерење

Недвижностите и опремата се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради оштетување.

Набавната вредност ги вклучува трошоците кои што се директно поврзани со стекнувањето на средството. Набавениот софтвер кој е неопходен за функционирање на соодветната опрема се признава како дел од таа опрема.

(ii) Последователни издатоци

Издатоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата се додаваат на сметководствената вредност на средството кога е веројатно дека ќе има идни економски користи за Банката и трошоците на истиот може да се измерат веродостојно. Сегашната вредност на заменетиот дел се отпишува. Трошоците на секојдневното одржување на недвижностите и опремата се признаваат во билансот на успех како трошоци како што настануваат.

(iii) Амортизација

Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот проценет корисен век на употреба.

Годишните стапки на амортизација, според нивниот проценет корисен век на употреба, за тековниот и претходниот период, се како што следи:

	%
Згради	2.5
Мебел и опрема	10 до 25
Моторни возила	25

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(ј) Нематеријални средства

(i) Признавање и мерење

Нематеријалните средства набавени од Банката се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради оштетување.

(ii) Последователни издатоци

Последователните издатоци се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска полезност вклучена во специфичното средство на кое се однесуваат. Сите останати издатоци се признаваат во билансот на успех како трошоци како што настануваат.

(iii) Амортизација

Амортизацијата се признава по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот проценет корисен век на употреба.

Годишните стапки на амортизација, според нивниот проценет корисен век на употреба за тековниот и претходниот период, се како што следи:

	%
Софтвер и лиценци	25

(к) Загуби поради оштетување на нефинансиските средства

Нефинансиските средства на Банката, се разгледуваат на секој датум на изготвување на билансот на состојба со цел да се определи дали постојат објективни докази за оштетување. Ако постои ваква индикација, се проценува износот на средството кој би бил наплатлив.

Загуба поради оштетување се признава доколку сметководствената вредност на дадено средство или за единицата која генерира пари, а на која и припаѓа средството, го надминува неговиот надоместлив износ. За средството што не создава во голема мера независни парични приливи, надоместувачкиот износ се утврдува за единицата која генерира пари, а на која и припаѓа средството.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(к) Загуби поради оштетување на нефинансиските средства (продолжение)

Единицата која генерира пари е најмалата група на средства која може да се идентификува којашто генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од парични приливи од други средства или групи на средства. Загубите поради оштетување се признаваат во билансот на успех.

Надоместувачкиот износ на дадено средство или за единицата која генерира пари претставува повисокиот износ од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

Загубата поради оштетување на дадено средство се анулира доколку постои индикација дека загуба поради оштетување признаена за средството можеби веќе не постои и има промени во проценките користени за утврдување на надоместувачкиот износ.

Зголемената сметководствена вредност на дадено средство, како резултат на анулирање на загуба поради оштетување, не треба да ја надмине сметководствената вредност која би била определена (нето од амортизацијата) кога не би била признаена загуба поради оштетување на средството во претходните години.

(л) Резервирања

Резервирање се признава во билансот на состојба кога Банката како резултат на минат настан има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери и е веројатно дека ќе има одлив од Банката за подмирување на обврската. Резервирањата се утврдуваат со дисконтирање на очекуваните идни парични текови користејќи дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и каде што е потребно, ризиците, специфични за обврската.

Резервирање за неповолни договори се признава кога очекуваните користи од договорот за Банката се помали од неизбежните трошоци за исполнување на обврските според договорот.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(л) Резервирања (продолжение)

Резервирањето се утврдува по сегашната вредност од пониската вредност од очекуваните трошоци за откажување на договорот и сегашната вредност на очекуваните нето трошоци за продолжување на договорот. Пред да се утврди резервација, Банката признава загуба поради оштетување на средствата поврзани со договорот.

(м) Користи за вработените

(i) Планови за дефинирани придонеси

Банката плаќа придонеси во пензиските фондови во согласност со барањата на македонските закони. Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платата на вработените се уплаќаат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите. Банката нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови.

Обврските за уплата на придонеси во плановите за дефинирани придонеси се признаваат како расход во билансот на успех кога се пресметуваат.

(ii) Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие.

Банката признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како бонус и доколу Банката има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

(iii) Останати долгорочни користи за вработените

Согласно македонската законска регулатива Банката исплаќа две просечни плати на вработените во моментот на заминување во пензија и јубилејни награди согласно критериумите утврдени во Општиот колективен договор.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(н) Средства и обврски од комисионо работење

Средствата и обврските управувани во име и за сметка на банки се вклучени во билансот на состојба на нето основа. Нето обврските прикажани во билансот на состојба претставуваат времена разлика помеѓу наплатата или исплатата на обврските за сметка на банките.

(њ) Акционерски капитал и резерви

(i) Обични акции

Обичните акции се класификувани како капитал. Инкременталните трошоци директно поврзани со издавање на обични акции и опции на акции се признаваат како намалување од капиталот.

(ii) Откуп на сопствени акции

Кога Банката откупува сопствени акции, износот на платениот надомест, вклучувајќи ги и директните зависни трошоци, се признаваат како намалување во капиталот. Откупените акции се класифицираат како сопствени акции и претставуваат негативна ставка во вкупниот капитал. Кога сопствените акции последователно се продадени, добиениот износ се признава како зголемување во капиталот, и вишокот или кусокот од трансакцијата се пренесува на/од премија од акции.

(iii) Дивиденди

Дивидендата што и припаѓа на Државата согласно законската регулатива се распределува во резерви на Банката.

Белешки кон финансиските извештаи

4. Управување со финансиски ризици

(а) Вовед

Банката е изложена на следните ризици од употреба на финансиските инструменти:

- кредитен ризик
- ризик на ликвидност
- пазарни ризици.

Оваа белешка претставува информација за изложеноста на Банката на секој од овие ризици, целите, политиките и начините за мерење и управување со ризиците на Банката.

Рамка на управување со ризици

Надзорниот Одбор има целосна одговорност врз воспоставувањето и следењето на политиките за управување со ризиците. Надзорниот Одбор на Банката е одговорен за развој и следење на политиките за управување со ризиците по одделни области.

Политиките за управување со ризик на Банката се воспоставени за да ги идентификуваат и анализираат ризиците со кои се соочува Банката, за поставување на соодветни лимити и контроли за ризиците, и да ги следи ризиците и усогласеност со лимитите. Политиките и системите за управување со ризик редовно се следат и анализираат, дали ги рефлектираат промените во пазарните услови, и понудените производи и услуги. Банката, преку обуки и процедури и политики за управување, има за цел да создаде конструктивна контролна средина, каде сите вработени ќе ги разберат своите улоги и задолженија.

Одборот за ревизија на Банката е одговорен за следење на усогласеноста со политиките и процедурите за управување со ризици, и за следење на адекватноста на политиката за управување со ризик во релација со ризиците со кои се соочува Банката. Одборот за ревизија во извршувањето на овие функции е потпомогнат од страна на внатрешната ревизија. Внатрешната ревизија врши редовни и периодични ревизии на интерните контроли и процедури за управување со ризик, и овие резултати ги презентира до Одборот за ревизија.

Белешки кон финансиските извештаи

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

(б) Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Банката доколку клиент или договорна странка од финансиски инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски, и воглавно произлегува од дадените кредити и аванси на други банки, пласмани во други банки и вложувања во хартии од вредност. Со цел управување со ризик Банката ги зема во предвид и ги разгледува збирно сите елементи од изложеноста на кредитниот ризик (како индивидуалниот ризик на неисполнување на обврските на должникот).

Управување со кредитниот ризик

Надзорниот Одбор ја делегира својата одговорност за управување со кредитен ризик на Кредитниот Одбор кој ги одобрува сите кредитни изложености до 10% од сопствените средства на Банката. Сите кредитни изложености над 10% од сопствените средства на Банката ги одобрува Надзорниот Одбор. Секторот за кредитирање во Банката е одговорен за контрола на кредитниот ризик на Банката, вклучувајќи:

- *Изготвување на кредитни политики* вклучувајќи ги барањата за покриеноста на изложеноста со обезбедување, проценка на кредитната способност на барателот на кредит, класификација според ризична категорија и известување, потребна документација и правни процедури, како и усогласеност со законските барања.

- *Контрола и проценка на кредитниот ризик*. Секторот за кредитирање ги следи сите кредитни изложености во однос на воспоставените лимити, пред да бидат одобрени на клиентите.

- *Следење на концентрацијата на изложеноста* по географски и индустриски сегменти (за кредити и аванси), и по издавач, оценка од институции за кредитен рејтинг, ликвидност на пазарот и земја (за вложувања).

- *Класификација на кредитната изложеност на Банката* според степенот на ризик од финансиска загуба со која се соочува Банката и фокусирање на управувањето со ризиците. Системот за класификација се користи при одредување дали загуба за оштетување е потребна. Тековната класификација на Банката се состои од шест степена кои ги рефлектираат различните нивоа на ризик и расположливото обезбедување.

Белешки кон финансиските извештаи

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

(б) Кредитен ризик (продолжение)

Управување со кредитниот ризик (продолжение)

Секторот за кредитирање е должен да ги имплементира и следи кредитните политики и процедури на Банката. Исто така е одговорен и за квалитетот на кредитното портфолио, како и за надгледување и контрола на сите кредитни ризици.

